# ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 5
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Интернет адреса
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да умее да користи веб - прелистувач и сите негови значајни елементи (алатки, работа со табови)
**Очекувани резултати:** Да наброи од кои делови се состои Интернет адресата; да отвора веб - страни со внесување на нивната Интернет адреса на соодветно место во веб - прелистувачот
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација, бура на идеи
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор**,** тетратка
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, отвора веб страни

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Се поттикнува дискусија: Адресата на еден човек е: ул. Првомајска бр. 10/3-5. Што означува секој податок во оваа адреса? Преку бура на идеи учениците даваат одговори.
Исто како и становите или куќите и веб – страниците на Интернет имаат адреса според која може да бидат пронајдени.
**Учечко – поучувачки активности:** Секоја Интернет адреса е УНИКАТНА. Тоа значи дека НЕ Е ВОЗМОЖНО два или повеќе компјутери да имаат иста Интернет адреса.
- Да ја разгледаме Интернет адресата на телевизиската станица Сител, која гласи: http://www.sitel.com.mk. Таа се состои од четири дела, кои се одвоени со точка: првиот е “http://www”, вториот е “sitel”, третиот е “com”, а четвртиот е “mk”. Кога се внесува Интернет адресата во модерните веб – прелистувачи, првиот дел “http://www” може да не се пишува. Овој дел од Интернет адресата за некои веб – страни може да гласи и малку поинаку, на пример: “http://”,“https://“ (со / без www) . Така, наместо да ја внесеме комплетната Интернет адреса, доволно е да напишеме “sitel.com.mk”, а веб – прелистувачот сам ќе додаде “http://www”. Нам ни е посебно важен вториот, третиот и четвртиот дел од Интернет адресата.

– Вториот дел од Интернет адресата го означува името на фирмата.
– Третиот дел од Интернет адресата се состои од 3 букви и го означува типот на веб – страната.
  Кратенки за тип на веб – страна се:

| | |
|---|---|
| .com | веб – страна на комерцијална организација, |
| .net | веб – страна на фирма за мрежни услуги, |
| .gov | веб – страна на владина институција, |
| .edu | веб – страна на образовна институција, |
| .int | веб – страна на меѓународна организација, |
| .mil | веб – страна на воена организација, |
| .org | веб – страна на друг тип организација. |

– Четвртиот дел од Интернет адресата се состои од 2 букви и означува од која земја е веб – страната. Такви кратенки има навистина многу, па наведени се само неколку:

| | |
|---|---|
| .al | Албанија |
| .bg | Бугарија |
| .rs | Србија |
| .gr | Грција |
| .mk | Македонија |
| .me | Црна Гора |
| .si | Словенија |
| .de | Германија |
| .it | Италија |
| .fr | Франција |
| .ru | Русија |
| | ... |

obrazovanie.literatura.mk

Некои од овие кратенки понекогаш комплетно не соодветствуваат на името на државата. Комплетна листа на овие кратенки има на https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_Internet_top-level_domains .
На пример, Интернет адресата на училиште од Македонија може да биде: uciliste.edu.mk, uciliste.edu или uciliste.mk.
АКТИВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ:
1. Во тетратка или на лист запишуваат комплетна:

- Интернет адреса на измислена веб – страна на комерцијална организација од Грција, која се вика firma.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на фирма за мрежни услуги од Македонија, која се вика firma.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на владина институција од Германија, која се вика institucija.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на организација од Италија, која се вика organizacija.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на воена институција од Франција, која се вика institucija.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на меѓународна организација, која се вика organizacija.
- Интернет адреса на измислена веб – страна на образовна организација од Албанија, која се вика organizacija.

Во сите примери да не се пишува “http://www.”.
2. Во веб – прелистувачот се внесува адресата на веб – страницата Википедија (бесплатна енциклопедија) на македонски јазик mk.wikipedia.org и се чита статијата за Македонија или статија по избор на учениците.
**Активности за евалуација:** Наведуваме и други можности за Интернет адресите за измислените веб – страни. Потоа се води дискусија со која се резимираат знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk